Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

БИЛТЕН #2 – 12.2022

## Инклузивно сексуално-образование преку креативни методи

Среќни сме да објавиме дека прирачникот кој го прикажува програмата за средношколци во склоп на Ерасмус+ проектот „Included: Инклузивно сексуално образование преку креативни методи“ сега е достапен преку веб-страницата на проектот!

Партнерството на проектот Included го заврши идентификувањето на националната состојба во секоја земја поврзана со сексуалното образование преку идентификација на добрите практики кои беа пронајдени во секој национален контекст. Од овие информации, програмата за обука беше конструирана ставајќи голем акцент на инклузивноста на наставната програма. Оваа програма има за цел да ги поддржи тинејџерите, вклучително и средношколците со интелектуални и физички попречености, за ефективно да ги постигнат основните знаења поврзани со сексуалното образование, според стандардите на Светската здравствена организација (СЗО).

Прирачникот е објавен на сите јазици од партнерските организации на проектот (англиски, шпански, грчки, италијански, холандски и македонски), сите се достапни и можат да се преземат бесплатно од веб-страницата на овој линк: https://includedproject.eu/educational-resources/

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

## Нашето искуство

Развиената програма за сексуално образование беше пилотирана од секој партнер кој е вклучен во проектот каде што тестирањето на активностите и модулите беа пилотирани во средните училишта за тестирање на активностите и модулите за обука во средните училишта каде што беа присутни и ученици со попреченост. Сакаме да ви прикажеме неколку извештаи за искуството од пилотирањето кое беше спроведено од страна на пет партнерски организации и нивните земји, заедно со некои фотографии кои беа направени за време на работилницата.

## Associacio La Xixa Teatre - Шпанија

14 ученици со когнитивна и интелектуална попреченост земаа учество во работилницата, меѓу 18 и 20 години, учествуваа во Пилот 1 од проектот Included во Шпанија. Работилницата беше спроведена во 4 сесии и во текот на активностите 4 наставници/едукатори зедоа учество.

Учесниците особено уживаа што можеа отворено да зборуваат за теми како род и пол, што се теми кои што се табу и не се разговараат за време на часовите. На почетокот од работилницата, некои учесници се чувствуваа срамежливо, но потоа имаа можност да се опуштат и да научат корисни работи и да ги изразат своите чувства.

Кога започна имплементацијата на работилницата, наставниците и училишниот персонал ја изразија потребата да се создаде простор за дијалог и учење околу сексуалното образование и притоа средношколците да се чувствуваат поддржани од други професионалци за теми кои е тешко да се разговара за време на часовите. Притоа професорите имаа можност да размислуваат за границите на слобода кои ги имаат како воспитувачи и да разговараат за многу дилеми кои постојано се појавуваат, особено во однос на сексуалното образование и вклученоста на семејствата на нивните ученици.



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

## KMOP EduHub + RDPSEA – Грција

Пилотирањето ни даде увид на проблемите со кои може да се соочи грчкиот образовен систем кога доаѓа во предвид сексуалното образование во земјата. Спроведувањето и пилотирањето на програмата беше корисна за средношколците иако за време на тестирањето на некои активности се соочивме со неколку потешкотии. Веруваме дека резултатите ја укажаа важноста на воведувањето на Сексуалното Образование во грчките училишта, бидејќи мнозинството од учесниците изјавија дека веќе знаат што им треба, но во реалноста, постојан многу заблуди, предрасуди и стереотипи. Драго ни е што имавме можност да разговараме со студентите и да ги слушнеме нивните грижи во врска со сексуалното образование. Една од најдобрите работи од работилницата беше што приметивме дека учесниците со посебни потреби беа одлично прифатени со останатите средношколци.



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

## MEH (Merseyside Expanding Horizons Limited) – Велика Британија

Средношколците кои земаа учество во пилотирањето од страна на МЕХ  покажаа голем интерес и внимание и со задоволство активно учествуваа во активностите со нивните наставници и едукатори. Иако пилотирањето во склоп на условите беше предизвик, со фактот на тоа што фасилитаторите не го знаеја знаковниот јазик, поддршката од преведувачите во преведувањето меѓу нас и студентите беше најважна за да се надминат предизивиците. На почетокот, учениците се колебаа да разговараат во големи групи во врска со сексуалното образование, но при работа во помали групи со своите врсници беа многу поинтерактивни и комуникативни.




Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

## KMOP Skopje – Македонија

Во пилотирањето на првите резултати во Македонија учествуваа вкупно осумнаесет учесници на возраст од 18 години, меѓу кои 5 со попреченост во четврта година од средно образование. Најпозитивниот резултат од ова пилотирање е нивото на задоволство на средношколците како и на професорите кои активно зедоа учество во ангажирање и имплементација на активностите. Позитивниот резултат беше креативноста на работилницата и можноста учениците да се изразат преку користење на театарски техники, цртање и активно учество во дискусии на различни теми. Во текот на пилотирањето научивме дека во зависност од нивото на зрелост, училиштето и областа/градот од каде што потекнуваат младите се разликува нивото на разбирање поврзано со сексуалното образование. Разликите можат исто така да се забележат дури и при споредба на деца со попреченост бидејќи тие се соочуваат со различни предизвици и животни искуства што ни покажа дека треба да се биде повнимателен во спроведувањето на програмата за сексуално образование во нашата земја.



Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

## Anziani e non solo – Италија

Во Италија нема средни училишта за млади лица со посебни потреби, тие посетуваат редовни училишта и се интегрирани во паралелки со млади луѓе без попреченост во бројка не поголема од два. Поради оваа причина, беше неопходно да се спроведе пилот програмата во два различни класа со цел да се тестира соодветноста на програма во две ситуации каде што коегзистираат младите со и без попреченост. Беше многу задоволувачки да се реализираат активностите и да се види дека средношколците беа љубопитни и подготвени да земат учество. Стана очигледно дека некои веќе се запознаени со темите, но сакаа повеќе информации за некои теми кои им беа конфузни. Особено динамичните активности беа ценети и имаа влијание врз учениците да ги насочат да размислуваат и да ги споделат нивните размислувања на одредени теми и нам како едукатори ни требаше повеќе време за правилно да се спроведеме активностите. Ова ќе ни овозможи да примиме и да се справиме со уште повеќе размислувања и прашања од учениците и да постигнеме попозитивни резултати.



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

## За проектот

Ерасмус+ проектот Included има за цел да дизајнира и пилотира наставна програма за инклузивно сексуално образование за средношколци, надополнета со методологии за обука и активно вклучување во процесот на сексуалното образование на целата училишна заедница вклучувајќи ги и семејства, користејќи креативни методи и театарски техники.

Како што наведува УНЕСКО, сексуалното образование има најголемо влијание кога програмите во средните училишта се надополнуваат со вклучување на родители и наставници, институции за обука и услуги погодни за младите. Ова е уште повеќе точно во случај на млади лица со интелектуални и когнитивни различности, кои имаат значително помала веројатност да научат за сексуалното образование во споредба со нивните врсници.

## Следни чекори

За таа цел, партнерството работи на курс за е-учење наменет за наставниците да ги поддржат во спроведувањето на програмата за сексуално образование која е создадена во рамките на проектот INCLUDED.

Покрај тоа, исто така во склоп на програмата се разви методолошки водич наменет за училиштата да можат да ангажираат активна соработка на родителите и старателите во програмата за сексуално образование за учениците.

Двата материјали ќе бидат создадени според холистичкиот и позитивен пристап кон сексуалното образование во согласност со рамката на политиката на СЗО „Стандарди за сексуално образование во Европа“ и методолошки пристап заснован на вежби за внатрешна работа прилагодени за три креативни, фокусирани ученици и методи кои ги вклучуваат: Методологија на критички инцидент, Театар на угнетените и процесно ориентирана психологија.

И двата материјали ќе бидат достапни наскоро на веб-страницата на проектот на овој линк: www.includedproject.eu

## Партнерство

Овие резултати беа овозможени благодарение на соработката на група од 7 партнерски организации, кои доаѓаат од 6 различни земји (Велика Британија, Италија, Грција, Холандија, Шпанија, Македонија):

1. MERSEYSIDE EXPANDING HORIZONS: НВО што работи со луѓе кои се справуваат со изолација и социјална исклученост во нивните заедници, со долгогодишно искуство во поддршка на луѓе со повеќе бариери и потреби. (Велија Британија)
2. ANZIANI E NON SOLO: НВО со голема експертиза во управување со проекти и специфичен фокус на управување со проекти и реализација на услуги и производи од областа на благосостојбата и социјалната инклузија. (Италија)

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

3. ASSOCIACIO LA XIXA TEATRE: непрофитна организација основана во 2010 година која има за цел да истражува, развива и умножува едукативни и театарски алатки како средство за социјална трансформација. (Шпанија)
4. REGIONAL DIRECTORATE FOR PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION OF ATTICA: одговорна за координација, надзор и справување на образовната политика во регионот на Атика, која вклучува околу 55.000 активни наставници. (Грција)
5. SEXMATTERS: непрофитна организација посветена на борбата против родовата нееднаквост, социјалната исклученост, агресивното однесување и родовото насилство, преку имплементација на работилници и програма за обука наменета за младите и возрасните кои работат со нив, како наставниците и социјалните работиници. (Холандија)
6. SOCIAL POLICY ACADEMY: непрофитна организација, основана во 2006 година, чија цел е да ги подобри образовните можности и последователно интеграцијата на пазарот на трудот, социјалната мобилизација и вклучувањето на обесправените луѓе. (Грција)
7. KMOP SKOPJE: граѓанска организација која е активно вклучена во сферата на системот на социјална заштита во Македонија колку што е можно повеќе и да допринесе за олеснување на различните ранливи групи преку креирање на иновативни и ефективни решенија за некој од проблемите кои се јавуваат во државата, како и градење на локални заедници кои ќе бидат по флексибилни кон оние на кои им е потребна поддршка. (Македонија)

## *Дали сакате да дознаете повеќе?*

За да дознаете повеќе за проектот и да се вклучите во нашите идни активности, посетете ја нашата веб-страница www.includedproject.eu или следете не на најпопуларните социјални мрежи

**#INCLUDEDPROJECT**
**#SEXEDUCATION**
**#INCLUSIVESEXED**

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union